Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар за 2026 година**

1. Се објавува Буџетски календар за 2026 година, донесен на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/25**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), и член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) Советот на Општина Карпош, на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2026 година**

1.

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Карпош го усвојува Буџетскиот календар | декември |
| 2. | Градоначалникот на Општина Карпош подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови до сите сектори и буџетски корисници | најдоцна до 31 август |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позициите | најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерството за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува процена на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | до 20 октомври |
| 6. | Советот на Општина Карпош го одобрува Предлог-Планот на Програмите за развој | најдоцна до 15 ноември |
| 7. | Секторот за финансирање и Буџет го изготвува предлог Буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | ноември |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Градоначалникот доставува Предлог-Буџет до Советот на Општина Карпош и организира јавна расправа по Предлог Буџетот | 1-7 декември |
| 9. | Советот на Општина Карпош го донесува Буџетот | најдоцна до 31 декември |

2. Буџетскиот календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-11690/28**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов**